ПИНА
Платформа за истражувачко новинарство и анализи

e mail - info@pina.mk
web: pina.mk
phone 00 389 70 931 775

# ПИНА - ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023

Во 2023 година, ПИНА - Платформа за истражувачко новинарство и анализи продолжи да работи на главните програмски активности на кои е посветена организацијата кои се фокусираат на младите новинари, жените новинари, како и Медиумскиот фестивал Скопје. Освен тоа, продолжи соработката на најразлични активности од областа на медиумската писменост, новинарството и медиумската работа со повеќе домашни и странски партнери.

РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ:

## Програма за млади новинари



Платформата за истражувачко новинарство и анализи – ПИНА ја реализираше Програмата за млади новинари во која членуваа десетина новинари од домашната медиумска сцена. Програмата на младите новинари им понуди неформална едукација, менторство и пракса. Десетина млади новинари, кои беа избрани за програмата, изработуваа теми поврзани со доброто владеење, транспарентноста и отчетноста на институциите, корупцијата.

,,Програмата за млади новинари на ПИНА ми помогна во изградбата на мојот новинарски стил на пишување, во подобрување на моите комуникациски вештини и најважно од сѐ навлегов во сферата на новинарството преку еден сосема уникатен начин. Програмата е одлична можност за почеток на кариерата, бидејќи дава можности за напредок”, вели Сара Танаскоска која е дел од програмата веќе втора година.





Во рамките на Програмата за млади новинари, се одржаа и едукативни работилници, обуки и тренинзи за подобрување на вештините на пишување и изработка на видео-стории. Тие изработија и видео стории, кои беа промовирани на Медиумскиот фестивал Скопје кој се одржа во ноември 2023 година. На овој фестивал младите новинари учествуваа на различни панели за дискусија и говореа за теми кои ги засегаат и предизвиците со кои се соочуваат.



## Програма за жени новинари

Платформата за истражувачко новинарство и анализи – ПИНА во 2023 ја реализираше втората Програма за жени новинари. Програмата понуди менторства и поддршка за жени новинари, како и финансиски надоместок за сториите кои новинарките ги изработија.





Темите на кои пишуваа беа поврзани со доброто владеење, транспарентноста и отчетноста на институциите, корупцијата, слободата на медиумите итн.



Програмата нуди можност за вмрежување на новинарките и неформална едукација, со цел да се адресираат специфични прашања кои ги засегаат жените во медиумите.

# Медиумски Фестивал Скопје






Во 2023 година, ПИНА по седми пат го организираше Медиумскиот фестивал Скопје, настан посветен на новинарството и медиумите, единствен од ваков тип во Македонија. Последното издание на фестивалот кое се одржа од 21 до 23 ноември на две локации во Скопје (Кинотека и Котур Кафе), беше фокусирано на корупцијата и улогата на медиумите во вечната анти-корупциска борба.



На отворањето на фестивалот, новинари од Македонија и регионот дискутираа за способноста на медиумите да се справат со овој феномен, додека преку филмската програма погледот се префрли кон глобалната медиумска сцена и состојбата на новинарството денес. Традиционално, фестивалот понуди и бројни работилници за новинарите, како и разни дискусии фокусирани на повеќе медиумски теми.




Како и секоја година, посебен дел од фестивалот беше посветен на младите новинари и жените новинарки, со што се вложува во збогатување на домашната медиумска сцена. Сите детали за фестивалот може да се погледнат на фестивалскиот веб сајт mfs.mk.